# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА

**(Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.192 од 05.11.2015 година)**

**Член 1**

Во Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14 и 88/15), во членот 598 став (1) во воведната реченица зборовите: "500 до" се бришат.

**Член 2**

Во членот 599 став (1) во воведната реченица зборовите: "1.500 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на трговското друштво ќе му се изрече на одговорното лице во трговското друштво за дејствијата од ставот (1) на овој член."

**Член 3**

Во членот 599-а став (2) зборовите: "од една до три години" се заменуваат со зборовите: "до една година".

**Член 4**

Во членот 600 став (1) во воведната реченица зборовите: "1.500 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:
"Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на јавното друштво, ќе му се изрече на одговорното лице во јавното друштво за дејствијата од ставот 1 на овој член."

**Член 5**

Во членот 600-а зборовите: "од една до три години" се заменуваат со зборовите: "до една година".

**Член 6**

Во членот 601 став (1) во воведната реченица зборовите: "1.500 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:
“Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на друштвото со ограничена одговорност, ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото за дејствијата од ставот (1) на овој член.“

**Член 7**

Во членот 601-а став (2) зборовите: “од една до три години” се заменуваат со зборовите: “до една година”.

**Член 8**

Во членот 602 став (1) во воведната реченица зборовите: “1.500 до“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:
“Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на акционерското друштвото, ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото за дејствијата од ставот (1) на овој член.“

**Член 9**

Во членот 604 став (1) во воведната реченица зборовите: “1.500 до“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:
“Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на командитното друштвото, ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото за дејствијата од ставот (1) на овој член.“

**Член 10**

Во членот 604-а став (2) зборовите: “од една до три години” се заменуваат со зборовите: “до една година”.

**Член 11**

Во членот 605 став (1) зборовите: “1.500 до“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:
“Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на странско трговско друштвото, ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото за дејствието од ставот (1) на овој член.“

**Член 12**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија” број 42/10), во членот 605-а став (1) зборовите: “2.500 до“ се бришат.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
“(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на друштвото од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото, за дејствието од ставот (1) на овој член.“

**Член 13**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија” број 48/10), во членот 605-а став (1) зборовите: “2.500 до“ се бришат.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:
“(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба на друштвото од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече на одговорното лице во друштвото, за дејствието од ставот (1) на овој член.“

**Член 14**

Во членот 605-в став (1) зборовите: “2.500 до“ се бришат.

**Член 15**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија” број 42/10), во членот 13 став (1) зборовите: “2.500 до“ се бришат.

**Член 16**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија” број 42/10), во членот 14 став (1) зборовите: “2.500 до“ се бришат.

**Член 17**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија” број 48/10), во членот 27 став (1) зборовите: “2.500 до“ се бришат.

**Член 18**

По членот 605-в се додава нов член 605-г, кој гласи:

"Член 605-г

Одмерувањето на висината на глобата на правното лице, односно на трговецот поединец, се врши согласно со Законот за прекршоци."

**Член 19**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".